***ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ – МЕЃАШИ***
***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

Адреса: ул. "Коста Новаковиќ" бр. 22 а, Скопје
Тел: (02) 2465-316; Тел/Факс: (02) 2463-900
info@childrensembassy.org.mk; www.childrensembassy.org.mk

*Информатор бр. 20*
*Април 2005*

**Во овој број:**

1. **13 ГОДИНИ - ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ – МЕЃАШИ**
2. **ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА АКЦИЈА 2005 - КАМПАЊА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА СИТЕ ДЕЦА ВО УЧИЛИШТЕ**
3. **ОСТВАРЕНА СРЕДБА НА ДЕТЕТО АМБАСАДОР**
4. **НОВ ЧЛЕН ВО НАШИОТ ДИПЛОМАТСКИ КОР**
5. **ДРУГАРУВАЊЕ НИЗ МУЛТИЕТНИЧКА СОРАБОТКА ВО ПЕТ МУЛТИЕТНИЧКИ КЛУБОВИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО СКОПЈЕ, ТЕТОВО И КУМАНОВО**

## 1. 13 ГОДИНИ – ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ – МЕЃАШИ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На 29 Април 2005 год. Првата Детска Амбасада во Светот - Меѓаши го прослави својот 13-ти роденден. По тој повод добивме многубројни честитки меѓу кои и од Претседателот на Република Македонија – Бранко Црвенковски, каде што меѓу другото се вели:

“На сите нам ни е добро позната мудрата изрека Децата и младите се најголемо богатство. Тое не е само обична констатација. Да се инвестира во превенција на правата на децата, нивното квалитетно образование, како и заштитата од секаков вид насилство, значи да се инвестира во подобра иднина за сите.

Ја користам оваа убава пригода да оддадам признание за Вашата континуирана работа и ангажман во насока на реализација на програмските цели за почитување на детската личност преку заштита и унапредување на нивните права и интереси.

Убеден сум дека и во иднина преку практична реализација на активностите од ваков тип, Вашата организација ќе даде клучен придонес

во заложбата да се создаде младина подготвена да стане дел од европското семејство и да ги прифати глобалните предизвици."

## 2. ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА АКЦИЈА 2005 - КАМПАЊА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА СИТЕ ДЕЦА ВО УЧИЛИШТЕ

Кога ја примивме поканата за учество од Global Campaign for education, веднаш ја прифативме знаејќи дека вклученоста на децата на возраст од 7 до 18 години во образованието во нашата држава е 95%, што значи дека 5% или над 15.000 деца не се вклучени во процесот на образование.

Ја реализиравме оваа кампања бидејќи сметаме дека на Македонија и треба акција од тој тип, за да може да се подигне јавната свест за фактот дека многу деца не одат на училиште од различни причини. Покрај тоа да се изнајдат механизми и преземат одгворности за искоренување или намалување на бројката на деца кои не одат на училиште.

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, заедно со партнерските организации од целата република, како што се ЗГ Сончогледи, ЗПД, ЦОП Дендо Вас, Сумнал, Мир, Ирхом и Филозофскиот факултет - институт по дефектологија, сите од Скопје и РОЖМ Даја, ЦРЗ Дром, ЗГ Доверба од Куманово, Светла иднина од Кочани, Специјалниот завод од Демир Капија, ја спроведоа оваа кампања.




Акцијата започна со Марш на 24.04.2005 година во 11:55 часот. На таа активност ни се приклучија околу 400-тини деца, кои маршираа со транспаренти на кои јасно можеа да се прочитаат пораките за вклучување на сите деца во училиште. Покрај децата учество зедоа промотерите на кампањата Калиопи Букле, Влатко Стефановски и Един Хајдарпашиќ, градоначалникот на Град Скопје, г-динот Трифун Костовски и детето амбасадор Стефан Плескоњиќ. На градскиот плоштад беа поставени 3 книги за пораки, каде што секој можеше да се потпише во знак на поддршка на кампањата.

Наредните три дена, 25-27.04.2005 година беа резервирани за изработка на “другарчиња” - фигури од хартија, картон, ткаенини и други материјали кои им беа на располагање на децата од основните училишта и

организациите од целата Република. Симболично, “другарчињата” ги претставуваат оние деца кои не се во можност да одат на училиште од различни причини (економски, социјални и сл.).

Овие “другарчиња”, на 28 и 29.04.2005 година беа потпишани од страна на јавни личности, градоначалници, политичари/ки и други граѓани кои можат да придонесат во промените во образовниот систем. Тие исто така потпишаа и писмена гаранција. Планирана е средба со Претседателот на Република Македонија, Бранко Црвенковски, со цел давање гаранција дека за време на неговиот мандат континуирано ќе се залага како да се вклучат децата во образование.




На 30.04.2005 година на Градскиот плоштад - Македонија во Скопје, организиравме изложба со сите изработени “другарчиња”, на која децата се претставија со свои точки (музички и театарски претстави), со кои на свој начин ги повикаа оние деца кои не одат во училиште да им се придружат во училишните клупи. Оваа изложба ја започнавме со жонглери, а ни се придружија и естрадните ѕвезди Виолета Томовска, Есма Реџепова и Един Хајдарпашиќ и следниве пратениците: Исмет Рамадани, Веска Борозан, Благородна Мингова Крепиева, Славица Грковска, Лилјана Поповска, Агим Јонуз.

Благодарност до сите медиуми, бидејќи целата кампања беше проследена од страна на телевизиите, радијата и дневниот печат, а имавме и неколку настапи на локални и национални телевизии и радија.

Исто така, им изразуваме голема благодарност на Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје, Млечниот ресторан “Вегера”, Пекарата “Козле” и Пивара Скопје.

Координатори на оваа кампања беа Жарко Радически, Елена Дамјанова и Убавка Зимбакова.

### 3. ОСТВАРЕНА СРЕДБА НА ДЕТЕТО АМБАСАДОР

Нашето новоизбрано Дете амбасадор - Стефан Плескоњиќ на 13 Април оствари средба со генералниот секретар на НАТО, Јааб де Хоп Шефер, со седиштето на Северноатланската алијанса во Брисел.

На средбата Стефан, освен што му ја подари својата најнова слика “Од Македонија” и нему лично му ја предаде и повелбата од Првата Детска Амбасада во Светот - Меѓаши.



Во продолжение може да прочитате дел од Повелбата на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши:

“Децата се посебен народ. Децата не се национални и верски војсководци. Тие се еден народ кој никогаш не извел револуција или контрареволуција, ниту пак повел војна. Децата не се ни класно ни национално прашање: децата се прашање над сите прашања. Тие се народ кој најмногу страда во воените судири и човековите трагедии. ДЕЦАТА СЕ САМО ДЕЦА. СИТЕ ИДЕАЛИ НА СВЕТОТ ПОБЕЗНАЧАНИ СЕ ОД СОЛЗИТЕ НА ЕДНО ДЕТЕ….”

### 4. НОВ ЧЛЕН ВО НАШИОТ ДИПЛОМАТСКИ КОР

Во согласност со нашиот правилник за користење на дипломатски пасош, Извршниот колегиум на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши донесе одлука, господинот Марко Мартучи од Италија да биде номиниран со титулата Почесен Конзул за Италија на Првата детска амбасада во светот-Меѓаши, Република Македонија со седиште во Скопје. Извршниот Директор го предава Дипломатскиот Пасош од Првата детска амбасада во светот - Меѓаши со Бр. 216.

Членството се зголемува, што ни покажува дека нашите идеи, визија и мисија се шират низ целиот свет.

### 5. ДРУГАРУВАЊЕ НИЗ МУЛТИЕТНИЧКА СОРАБОТКА ВО ПЕТ МУЛТИЕТНИЧКИ КЛУБОВИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО СКОПЈЕ, ТЕТОВО И КУМАНОВО

Месец април помина во планирање на активностите за градење мир и доверба и организирање на јазични работилници.

Кон крајот на месецот почна јазичната работилница по албански јазик за ученици и наставници од средното медицинско училиште “Д-р Панче Караѓозов”. Јазичната работилница ја посетуваат околу 30-тина ученици и наставници. Исто така започна и групата по денс–театар. Активност која ја посетуваат околу 15 младинци, желни да научат да пренесуваат пораки низ танцување. Во средното медицинско училиште “Д-р Панче Караѓозов” се одржаа 7 работилници за ненасилна разработка на конфликти заедно со професорите: Зумрета Ибраими Јакупи, Љубица Алексова и Димче Попов и менторите Ана Битољану и Гордана Пирковска Змијанац. На работилниците за ненасилна разрботка на конфликти доаѓаат 23 деца од различна националност и пол. Групата во овој месец посети две театарски претстави од кои една во Драмски Театар и една во Театарот на народностите, и посети и една кино претстава во кино Милениум на филмот Балканкан.

Овој месец се организираше уште една работилница за ненасилна разработка на конфликти во средното училиште “Никола Карев”. На истите теми како и во претходното училиште работат професорките Нада Јанковиќ и Павлина Божинова. Во рамките на оваа група планирана е посета на верски објекти и различни верски објекти. Во средното училиште “Наце Буѓони” од Куманово планирана е и посета на верски објекти и различни културно - историски знаменитости.

Овие активности многу придонесуваат кон подобро разбирање и соработка меѓу наставничкиот персонал и учениците, од различни етнички потекла, а истовремено го зајакнува капацитетот на мултиетничките клуба во овие средни училишта.

Проектот е финансиран од Европска комисија и координиран е од Митко Ѓоргиев.

До следниот број
Срдечен поздрав,

од тимот на
Првата детска амбасада во светот - Меѓаши
Република Македонија

***Информаторов се праќа двојазично (македонски и англиски).***

***Доколку не сакате да го добивате истиот, вратете ни повратен маил со Subject: Remove***